Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на дел од дневните настани 01.11.2024

На 31.10.2024 СВР Струмица-ОВР Гевгелија до Основното јавно обвинителство Гевгелија поднесе кривична пријава против А.М.(22) и Л.Б.(26), двајцата од Гевгелија, поради постоење на основано сомнение дека сториле кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори", по член 215 од Кривичниот закон.На 30.10.2024 А.М., заради продажба, купил 25 парчиња екстази и 68 грама амфетамин, а подоцна во станот на Л.Б. набавениот амфетамин го препакувале во мали најлонски пакувања за понатамошна продажба. При претрес на домот на Л.Б., извршен со судска наредба, биле пронајдени амфетамин и марихуана, а во дворното место било пронајдено најлонско кесе со екстази, амфетамин и една дигитална вага. Лицата биле лишени од слобода и задржани во Полициската станица Гевгелија, каде во службениот разговор го признале делото, а А.М. признал и дека предметите кои биле пронајдени во дворното место ги фрлил тој, откако забележал дека пред зградата има полициски службеници. Од страна на судија од Основен суд Гевгелија на осомничените им била определена мерка притвор во траење од по 30 дена.

На 31.10.2024 во 12.39 часот во СВР Битола, било пријавено дека на ул.,,8 Септември" во Битола се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „шкода" со битолски регистарски ознаки, управувано од К.П.(71) од Битола и патничко моторно возило „форд" со битолски регистарски ознаки, управувано од Љ.П.(60) од Битола. Возачот К.П. починал, а смрт констатирал доктор од Клиничка болница Битола. Увидот во присуство на јавен обвинител го изврши увидната екипа на СВР Битола.

На 31.10.2024 во 23.05 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција ги лишиле од слобода Љ.Г.(37) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 31.10.2024 во 22.50 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода П.К.(35) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 31.10.2024 во 14.45 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција лишиле од слобода малолетник од с.Стајковци, скопско, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и хашиш. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 31.10.2024 во 21.40 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција го лишиле од слобода Л.Н.(31) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно расчистување на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 31.10.2024 во 14.15 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода К.Ѓ.(25) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 31.10.2024 во 13.30 часот во Полициската станица Аеродром Д.С.(28) од Скопје пријавил дека на бул. „Јане Сандански" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 31.10.2024 во 23 часот на улица ,,Илинденска" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово ја привеле А.А.(20) од тетовско Ларце, по судска наредба за издржување на затворска казна во врска со сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". А.А. ќе биде предадена на надлежната казнено поправна установа.

На 31.10.2024 во 23 часот полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода С.Р. (28) од Куманово. Тој бил осуден на една година и шест месеци затворска казна за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот закони, а бил баран по потерница за доиздржување на една година и четири месеци од казната. Лицето било спроведено во Казнено поправна установа Затвор К'шање за доиздржување на казната.

На 31.10.2024 полициски службеници од СВР Битола на ул. „Столарска " во Битола го лишиле од слобода Б.И.(31) од Битола. При преглед кај него била пронајдена грутчеста материја. По документирање на настанот ќе следува соодветна пријава.

На 31.10.2024 во 21.05 часот, кај месноста „Удово", на патниот правец Дебар-Струга, лишен од слобода е Ф.Л.(22) од Дебар. При преглед во патничко возило во кое тој се превезувал, извршен од полициските службеници, тој фрлил марихуана, а, исто така, во возилото, пронајдени и одземени се марихуана и дробилка. По целосно документирање на настанот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против А.И.(37) од струшкото село Велешта, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". При претрес во неговиот дом, извршен по судска наредба, полициските службеници пронајдоа и одзедоа еден пиштол „збројовка" калибар 6,35 милиметри и 38 парчиња муниција, различен калибар, кои неовластено ги поседувал.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Ф.Б.(18) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". Тој, на 12.10.2024 околу 19 часот, во струшкото село Луково, физички нападнал 17- годишно момче.

На 31.10.2024 во 12.50 часот во СВР Скопје од Здравствена установа во село Петровец, скопско, било пријавено дека околу 12.25 часот пред установата без знаци на живот бил донесен Ф.С.(59) од Скопје, а од страна на лекар констатирана била смрт без видливи траги на насилство. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје, а по насоки на Јавен обвинител телото на починатиот било предадено на обдукција.

Денеска (01.11.2024) во 01.30 часот во СВР Скопје, М.М.(20), М.С.(20) и Н.Ч.(22) сите од Скопје пријавиле дека биле физички нападнати пред угостителски објект на подрачјето на Центар. М.М. и М.С. биле физички нападнати од едно лице, а Н.Ч. бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (01.11.2024) во 08.25 часот во СВР Скопје, Н.Л.(40) од село Бузалково, велешко, пријавил дека околу 08.00 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.10.2024 во 18.00 часот во СВР Скопје, Ј.Ѓ.(39) од Скопје пријавила дека во 15.30 часот пред угостителски објект на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање нејзината малолетна ќерка била физички нападната од друга малолетничка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.10.2024 во 14.20 часот во СВР Скопје, Б.Н.(43) од село Огњанци, скопско, пријавил дека околу 11.00 часот во село Петровец, неговиот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.10.2024 во 13.33 часот во СВР Скопје, Г.М.(38) од Скопје пријавила дека околу 10.00 часот на подрачјето на Ѓорче Петров била физички нападната од М.,,Н", која употребила и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.10.2024 во 14.50 часот во Скопје, на подрачјето на Драчево, полициски службеници од СВР Скопје ги привеле Н.М.(21) и А.К.(30), двајцата од Скопје, поради тоа што агресивно се однесувале кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 31.10.2024 во Полициската станица Берово, Д.М.(42) од село Русиново, беровско пријавил дека на 30.10.2024 околу 17.00 часот во двор од основно училиште во село Русиново, неговиот малолетен син бил физички нападнат од Т.Б. од истото село. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.10.2024 во 10.50 часот во Полициската станица Берово од Итната медицинска помош било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди бил донесен Љ.Г.(63), кој, според пријавеното, се здобил со повредите откако на место викано „Трнков преслап", атар на село Русиново, управувајќи трактор излетал надвор од патот. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Берово.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Е.Ф.(19) од с.Долна Лешница, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „убиство" во обид. На 28.10.2024 во селото Долна Лешница, пријавениот со нож му нанел повреди на 16-годишен малолетник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Л.М.(34) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 30.10.2024 полициски службеници при извршен претрес во домот на пријавениот во Тетово, пронашле и одзеле кокаин.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против Ш.Ѓ. (68) од Свети Николе поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување". Пријавениот како одговорно лице на Здружение на пензионери на општина Свети Николе ја искористил својата службена положба и овластување на начин што како овластен потписник на сметката на здружението кое се финансира од членарината на пензионерите, истиот без одлука во 19 наврати повлекол вкупно 146.453 денари ненаменски средства на име на репрезентација, иако знаел дека со предлог одлука на финансов план за 2023 година за ставка репрезентација биле обезбедени 40.000 денари, со што нанел штета на Здружението од 106.453 денари.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет